Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
Бр. 03-3026/1
11-12-2018 год.
Скопје

До
Раководителот на Институтот за

__________________________________________

ТУКА

ПРЕДМЕТ: Поставување на материјал во Ризницата на УКИМ

Почитувани,

Како што Ви е познато, Филозофскиот факултет има законска обврска да чува достапен примерок од секоја одбранета магистерска теза и докторска дисертација на факултетот. Досега, задолжителниот примерок се депонираше во библиотеката на соодветниот Институт, а потоа им беше достапен на сите заинтересирани читатели.

Со основањето на Ризницата на електронски трудови на УКИМ, оваа обврска на Факултетот се префрла во Ризницата, која ќе овозможи постојан, непречен, 24-часовен пристап до тезите и дисертациите одбранети на Филозофскиот факултет. Согласно упатствата на Ректоратот на УКИМ, а во врска со одредбите на Законот за високо образование, секоја одбранета магистерска теза и докторска дисертација треба да се постави и да биде достапна во Ризницата, заедно со основните податоци за денот на одбрана, менторот и комисијата.

За да не се наруши вообичаената динамика на работа на вториот и третиот циклус на студии, Ве молиме да ги информирате членовите на Вашите институти дека примерок од секоја магистерска теза и докторска дисертација во пдф-формат треба да се достави до Комисијата за информатичка и компјутерска технологија на Филозофскиот факултет, чиј тековен претседател е проф. д-р Војислав Саракински. Обврска на Комисијата, пак, е без одлагање да го постави добиениот материјал во Ризницата на УКИМ, и да достави писмена информација до одговорните соработници за втор и трет циклус дека трудот е поставен и јавно достапен. Дури по завршувањето на овие чекори, на кандидатот ќе му биде издадено Уверение за магистрирање или докторирање.

Со почит,

**ДЕКАН**
на Филозофскиот факултет

____________________________

Проф. д-р Ратко Дуев

Универзитет Св. Кирил и Методиј во Скопје
Република Македонија
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ СКОПЈЕ